РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1023/1
12.02 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 76 став 2 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019,) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по барање од службено лице, на дваесет и шестата седница одржана на ден 07 февруари 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице -----------, бидејќи не се утврдени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-3871/1 од 13.08.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3871/1 од 13.08.2019 година е оформен по барање доставено од поранешниот Министер за внатрешни работи за проверка на неговата имотна состојба, имотната состојба на неговото семејство и барање за проверка на сите наводи изнесени во медиумите за наводен сопственички удел во новата инвестиција на приватна фирма.

По однос на барањето на проверка на имотната состојба на именуваното лице и имотната состојба на неговото семејство, истата ќе биде спроведена врз основа на усвоениот Годишен план за следење на имотната состојба и судир на интереси со бр. 03-2937/1 од 30.05.2019 година и Измена на Годишен план за следење на имотната состојба и судир на интереси со бр. 03-2937/2 од 12.11.2019 година, според кој е предвидено проверка на имотната состојба на претходниот и сегашниот состав на Владата на Република Северна Македонија.

Во насока на утврдување на правилна и целосна фактичка состојба во конкретниот случај, Државната Комисија изврши проверка на правното лице ----------- во Дистрибутивниот систем на Централен регистер на Република Северна Македонија и ја утврди следнава состојба: споменатата фирма е основана на 16.09.2015 година од страна на сопствениците ---------- и -------------, со управител -----------. Врз основа на Историјатот на правното лице ----------, не се направени промени на сопственичката структура, ниту пак на промена на овластеното лице - управителот на фирмата од нејзиното основање. Со тоа не се потврдуваат наводите изнесени во медиуми дека поранешниот Министер за внатрешни работи и има удел во правното лице ------------.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Понатаму, Државната комисија се обрати до Министерството за внатрешни работи и ја побара целокупната постапка за доделување на овластување за технички преглед на правното лице ---------------- (документација од прием на барањето за издавање на лиценца за технички преглед до издавањето на лиценцата на наведената фирма).

Согласно добиената документација од Министерството за внатрешни работи е утврдена следнава фактичка состојба:

Постапката за доделување на овластување на правно лице -----------да врши технички преглед е водена согласно законски предвидена процедура која е уредена во членовите 62а, 63, 64, и 65 од Законот за возила („Сл.Весник на РМ бр.140/08, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), според која се утврдени јасни критериуми и услови за добивање на овластување, постојат дефинирани рокови, како и јасно утврден начин на кој би му се одземало одредено овластување на правно лице доколку не се почитуваат одредбите од Законот за возила.

По спроведената постапка, согласно горе наведените одредби, односно по исполнување на условите за добивање на овластување за вршење на технички преглед, поранешниот Министерот за внатрешни работи донел Решение за овластување на правно лице ----------- да врши технички преглед на возила во Станица за технички преглед на ден 12.07.2019 година.

Лицето ---------, советник на поранешниот Министерот за внатрешни работи, врз основа на добиената документација од Министерството за внатрешни работи, не е вклучено во ниту еден дел од постапката за доделување на лиценца за технички преглед на правното лице -------------------, врз основа на што е исклучена повреда на членовите 73 и 75 од Законот за спречување на судир на интереси.

На седницата одржана на ден 07 февруари 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека нема елементи за понатамошно постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи наводите изнесени во медиумите за наводен сопственички удел на поранешниот Министерот за внатрешни работи, ------------- во фирмата ------------ не се потврдуваат.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: м-р Станка Милановска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk